МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС>> 25 ГОДИНИ

# ДЕЛОВЕН ИЗВЕШТАЈ 2017

**Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС)** е организација на граѓанското општество што верува во мир, хармонија и просперитет на луѓето во Македонија, на Балканот и глобално.

За исполнување на визијата, МЦМС ја дефинира својата мисија да предводи промени со нови и алтернативни решенија на општествените проблеми, кои влијаат на другите чинители и кои се вклучуваат во главните текови.

Во својата работа, МЦМС се води од принципите на партиципација, транспарентност и одговорност, партнерство, толеранција, претприемништво, одржливост и еднакви можности.

**Долгорочни цели на МЦМС се:**
- Вкоренето и влијателно граѓанско општество;
- Добро владеење и борба против корупцијата;
- Социјална инклузија и кохезија;
- Поддржан процес на евроинтеграција;
- Подготвеност за миграциските предизвици;
- МЦМС, независна и организација со кредибилитет – тивок но видлив поврзувач;
- МЦМС е атрактивна и иновативна организација.

**МЦМС е членка на:**
- UN ECOSOC (Економско-социјален совет на ОН);
- ACT International (Акција на црквите заедно);
- CIVICUS (Светска алијанса за граѓанско учество);
- Балканска мрежа за развој на граѓанското општество (BCSDN);
- Граѓанска платформа на Македонија (ГПМ);
- Македонија без дискриминација (МБД).

МЦМС во 2017 година имаше вкупен обем (портфолио) од 25 проекти и буџет од 175 милиони денари.


ул. Никола Парапунов 41а, Скопје
Пошт. фах 55, 1060 Скопје
Тел. 02/3065-381
Факс 02/3065-298

Е-пошта: mcms@mcms.mk
Web: www.mcms.mk
facebook.com/mcms.mk
twitter.com/mcms_mk


## СОЦИЈАЛНА КОХЕЗИЈА И НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА

**Проекти за модернизација на образованието**

Вкупно 1.151 ученик од основните училишта во Скопје, и руралните средини во Радовиш, Битола и Прилеп ја следат наставата во подобрени услови за учење. Со проектот за ООУ „Коле Неделковски“, општина Центар во Скопје, беа набавени и монитирани 66 врати, беше поставен нов ламнатен под, беа изградени нови преградни ѕидови и бојадисани сите школски простории. Покрај тоа, опремена е нова библиотека, набавен е школски мебел и опрема за една училница и оградено е отвореното спортско игралиште на училиштето.

Паралелно со оваа иницијатива, беше интервенирано и во пет училишта во рурални средини. За училиштето „Кирил и Методиј“ во с. Ораовица , општина Радовиш набавен е нов ЛЦД проектор, а во училиштето „Крсте Петков Мисирков“ во с. Коџалија, општина Радовиш, заменети се прозорците и вратите. Во општина Долнени, се интервенираше во две училишта. Во училиштето „Пере Тошев“, во с. Небрегово, доградена е нова училишна просторија и заменети се прозорците и вратите, а во училиштето „Лирија“, набавен е училишен мебел и опрема за медиатека. Во училиштето „Александар Турунџев“, с. Кукуречани, општина Битола е зајакната и бојадисана фасадата.

**Механизам за поддршка на тутунопроизводителите**

Се прошири целната област за седум нови села во општините Крушево и Прилеп. Во 2017 година вкупно 661 тутунопроизводители или работници кај нив побарале помош или информација од операторките од кои 144 се јавиле на бесплатната СОС линија, 82 директно ја посетиле канцеларијата во Кривогаштани, а 435 се обратиле при посетата на самите семејства. Покрај ова, операторките заедно со теренските техничари на трите тутунски компании посетија 895 тутунопроизводители, чии фамилии имаат деца со цел нивно информирање за правата и обврските поврзани со користење на детска работа. Кај 10 од нив забележано беше искористување на детскиот труд. При повторните посети, операторките не забележаа ангажман на децата. Во извештајниот период посетени и советувани беа 118 ангажирани работници (аргати).

**Мали развојни иницијативи**

На осуммина млади луѓе со македонско потекло кои живеат во САД, Австралија и Велика Британија им беше овозможено да научат повеќе за нивното потекло преку пракса и престој во Македонија.

И оваа година, за време на тринеделниот престој во Македонија, на младите им беше обезбедена практична работа комплементарна на нивните академски цели, кариера или општи интереси и тоа во: кабинетот на Претседателот на Република Македонија, на Факултетот за фармација при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, во СОС Детското село, Црвениот крст на РМ, Хелтгрупер, Некстсенс и во Македонската асоцијација за човечки ресурси. Тие беа сместени во Скопје, во семејства домаќини. Покрај ангажманот во текот на работните денови, сите осуммина имаа можност да патуваат во текот на викендите и да дознаат повеќе за Македонија.

## ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ, ПАРТИЦИПАЦИЈА И ПОЛИТИКИ НАСОЧЕНИ ОД И КОН ЛУЃЕТО

**Проекти за добро владеење и борба против корупцијата**

***Следење на работата на Државната комисија за спречување на корупцијата***

МЦМС ги подготви Извештајот за досегашната работата на ДКСК во периодот од 2006 до 2015 година и четири квартални извештаи со кои е опфатен период од октомври 2016 до септември 2017 г. Наодите од извештите беа презентирани на три јавни настани и преку социјалните медиуми и предизвикаа големо внимание. На иницијатива на МЦМС, Платформата за борба против корупцијата побара од Собранието на РМ да не го усвои Извештајот за работата на ДКСК во 2016 г. и да го врати на доработка. МЦМС иницираше и отворање на дебати за потребите од измени на Законот за спречување на корупцијата со фокус на измена на моделот и структурата на комисијата.

***Мојот избор***

На почетокот на септември, МЦМС го реактивираше проектот „Мојот избор“. Во рамките на проектот беа подготвени над 60 продукти и беа споделени над 20 информации и анализи кои беа подготвени од други институции и граѓански организации. Подготвени беа споредбени прегледи (инфо-графици) од достапните податоци за ветувањата на градоначалници од 20 општини во шест области: животна средина, социјална и детска заштита, образование, култура, транспорт и инфраструктура и локален економски развој. Дел од инфо-графиците се фокусираа на родовиот баланс на кандидатите, бројот на кандидати по партија, популарноста на социјалните медиуми и сл. Во посебен инфо-график се анализираа анкетните листови на 94 кандидати за градоначалник кои во моментот извршуваа јавна функција.

## ВКОРЕНЕТО И ДИНАМИЧНО ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

**Програма за поддршка на граѓанското општество „Цивика мобилитас“**

Во 2017 година беа доделени 99 грантови на здруженија и фондации, неформални групи граѓани, медиуми, научно-истражувачки установи, докторанди и практиканти. Со тоа програмата вкупно брои 220 грантисти, а вкупната финансиска поддршка над 300 милиони денари.

Над 2000 членови на граѓански организации, граѓани, претставници на другите актери на граѓанското општество и на институциите, претпријатијата и медиумите учествуваа во шесте форуми.

Програмата за учење им помогна на 100-те грантисти од „критичната маса“ да ги зајакнат своите капацитети за зголемено позитивно влијание и иницирање промени во општеството. Нивните претставници добија знаење и алатки за тоа како подобро и повеќе да ги вклучат граѓаните во планирањето и спроведувањето на нивните програми за работа преку четири работилници за социјален маркетинг, партиципативно истражување и мобилизација на заедницата.

***Кон реформирано државно финансирање на граѓанските организации***

Со подготовката на Националната анализа на буџетското финансирање на граѓанските организации на централно ниво, беше анализирана правната основа и практичните искуства во Македонија со што, се придонесе кон подобро разбирање на постоечкиот модел за државно финансирање на граѓанските организации. МЦМС заедно со меѓународниот експерт Катерина Хаџи-Мицева Еванс од Европскиот центар за непрофитно право (ЕЦНЛ) го разработија предлог моделот за реформа на системот на државно финансирање. На завршната конференција: „Предлог модел за реформа на системот за државно финансирање на граѓанските организации“ се разви дискусија за понатамошно унапредување на системот за државно финансирање на граѓанските организации во земјата.

***Подготовка за развојна помош***

МЦМС ги зајакна сопствените и капацитетите на ГО за развојна соработка, а ги подготви и клучните документи за јавни политики кои ќе обезбедат основа за застапување. Проектниот тим на МЦМС присуствуваше на студиска посета во Виена и Братислава. МЦМС заедно со партнерите од Институтот за демократија и медијација (ИДМ) од Албанија го подготви регионалниот документ за јавни политики „Суштинско вклучување на ГО во Одржливите развојни цели на ОН: Дали земјите од Западен Балкан заостануваат?“. МЦМС ја подготви и студијата за развојна соработка во Македонија. Во септември организираше и тркалезна маса „Зајакнување на улогата на граѓанските организации во Македонија за развојна соработка и глобални прашања“.

***МЦМС – ресурсен центар за ТАКСО***

Македонската канцеларија на ТАКСО со поддршка од МЦМС како ресурсен центар обезбеди простор за дискусија за повеќе од 160 претставници на граѓански организации (ГО) на трите настани што ги организираше, а беа посветени на прекуграничната соработка, превенцијата од насилен екстремизам и предизвиците за граѓанските организации. Продолжи поддршката за стратешко планирање за ГО кое опфати 11 граѓански оранизации, како и онаа за градењето капацитети на 10-те избрани мрежи.  Освен тоа беа спроведени и низа обуки за ГО кои опфатија 66 учесници.

Последниот месец од имплементација на проектот беше одбележан со кампања за 8- годишното работење на ТАКСО, преку која на социјалните медиуми беа презентирани постигнувањата на проектот.

***Топ тема на ваша страна***

Во текот на 2017 година вкупно 67 граѓански активисти добија обука за граѓанско новинарство што се одржаа во Скопје, Битола, Штип и Струмица, наодите од 22 истражувања на граѓански организации беа дебатирани на емисијата „Топ тема на ваша страна“, а беа избрани и тројца добитници на награди на Конкурсот за стории и фотографии на граѓански новинари. МЦМС и ТВ Телма спроведоа седум телефонски истражувања на јавното мислење за актуелни политички теми, едно теренско истражување и две фокус групи за препознатливост на брендот Телма и Топ тема.

## РЕВИЗОРСКО МИСЛЕЊЕ

MOORE STEPHENS
SKOPJE

Св.Кирил и Методиј 20, 1000 Скопје
Република Македонија

Тел: +389 (2)32 14 706
Факс: +389 (2)32 16 976

www.moorestephens.mk
www.moorestephens.com

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**
**ДО**
**СОВЕТОТ НА**
**МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС), кои што го вклучуваат Извештајот за финансиска состојба заклучно со 31 декември 2017 година, како и Извештајот за сеопфатна добивка, Извештајот за промени во главнината и Извештајот за парични текови за годината која завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството на Друштвото е одговорно за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија, и интерната контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиски извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија прифатени и објавени во Службен Весник на Република Македонија (79/2010). Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на Македонски центар за меѓународна соработка заклучно со 31 декември 2017 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината која што завршува тогаш во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија.

Скопје, 11 мај 2018 година

**Овластен ревизор**
Гоце Христов

**Управител и Овластен ревизор**
Антонио Велјанов

Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО СКОПЈЕ

| ПРИХОДИ | 2017 | 2016 |
|---|---|---|
| **ДОНАЦИИ И ГРАНТОВИ** | | |
| Европска унија | 2.315 | 7.456 |
| Швајцарска агенција за развој и соработка | 137.452 | 111.737 |
| УСАИД | 4.979 | 6.672 |
| Тутунски компании | 7.567 | 4.119 |
| ОСИ Будимпешта | 0 | 14.483 |
| Норвешка црковна помош (НЦА) | 0 | 6.454 |
| Британска амбасада | 3.287 | 10.120 |
| Други донатори | 899 | 2.371 |
| **Вкупно донации и грантови** | **156.499** | **163.411** |
| | | |
| **СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ** | | |
| Македонска развојна фонд. за претприја. | 2.168 | 1.684 |
| НИРАС (програма Цивика мобилитас) | 8.300 | 8.917 |
| СИПУ (ТАКСО ресурсен центар) | 3.939 | 3.291 |
| Други сопствени приходи | 1.197 | 460 |
| **Вкупно сопствени приходи** | **15.604** | **14.352** |
| **Камати и позитивни курсни разлики** | 2.426 | 1.875 |
| **Вонредни приходи** | 599 | 715 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **175.128** | **180.354** |

| РАСХОДИ | 2017 | 2016 |
|---|---|---|
| **ДОБРОТВОРНИ РАСХОДИ** | | |
| Проекти за модернизација на образов. | 4.918 | 1.541 |
| Пристап на Ромите до ЕУ фондови | 0 | 12.235 |
| Социјална кохезија | 2.264 | 16.263 |
| Борба против корупција | 0 | 5.812 |
| Добро владеење и партиципација | 1.115 | 993 |
| Вкоренето и динамично ГО | 5.274 | 4.113 |
| Програма за поддршка на ГО | 132.429 | 106.946 |
| **Вкупно добротворни расходи** | **146.000** | **147.903** |
| **Вкупно оперативни расходи** | **26.390** | **29.503** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **172.391** | **177.406** |
| | | |
| **БИЛАНС пред оданочување** | **2.737** | **2.947** |
| **Данок на вишок на прих. над расх.** | **0** | **562** |
| **БИЛАНС по оданочување** | **2.737** | **2.385** |

Консолидиран биланс на приходи и расходи на ден 31 декември 2017 год. (во илјада македонски денари, 1ЕУР = 61.4907 МКД)

| БИЛАНС НА СОСТОЈБА | 2017 | 2016 |
|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | **133.260** | **137.378** |
| Основни средства | 9.446 | 11.569 |
| Нематеријални вложувања | 960 | 960 |
| Фонд за домување | 4.120 | 4.120 |
| Вкупно постојани средства | 14.526 | 16.648 |
| Парични средства | 21.253 | 5.883 |
| Аванси | 52 | 369 |
| Побарувања од купувачите | 5.746 | 6.210 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 74.605 | 93.234 |
| Останати побарувања | 17.078 | 15.034 |
| Вкупно обртни средства | 118.734 | 120.730 |
| **ОБВРСКИ И ФОНДОВИ** | **133.260** | **137.378** |
| Обврски спрема добавувачите | 813 | 2.468 |
| Други краткорочни обврски | 15.619 | 38.652 |
| Вкупно обврски | 34.265 | 41.121 |
| Фондови | 96.258 | 98.873 |
| Разлика приходи/расходи во тековен период | 2.737 | 2.385 |
| ФОНДОВИ И РЕЗЕРВИ | 98.995 | 96.258 |

## СТРУКТУРА НА МЦМС

### УПРАВЕН ОДБОР

Ризван Сулејмани, претседавач; Елена Кочовска (од 28.5.2017), зам. претседавач; Габриела Мицевска (до 27.6.2017); Бехиџудин Шехапи (до 27.6.2017); Ванчо Стојанов (до 27.6.2017); Горан Михајловски; Ѓоко Ѓорѓевски (до 27.6.2017); Ратко Лазаревски (до 27.6.2017); Самет Скендер (од 28.5.2017); Насер Селмани (од 28.5.2017); Бобан Митевски (од 28.5.2017); Сања Васиќ (од 28.5.2017).

### ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ

Александар Кржаловски - Прв извршен директор
Гонце Јаковлеска - Извршен директор

### ИЗВРШНА КАНЦЕЛАРИЈА

**Граѓанско општество:** Емина Нурединоска; Даниела Стојанова (до 30.09.2017); Снежана Камиловска Трповска (од 1.11.2017); Валентина Чичева; Марија Саздевски (до 31.10.2017); Симона Огненовска (до 31.10.2017); Дарко Димов; Јасмина Чаушоска; Сара Мустафа; Адил Бакиу, Симона Трајковска; Наташа Иваноска; Фанија Ивановска; Моника Божиноска; Александра Сиљановска.

**Локален развој:** Горан Стаматоски;

**Информации:** Борис Ристовски;

**Администрација и финансии:** Милка Божиновска-Миова; Адис Рахиќ; Борче Јакимовски; Данило Митов.

Деловниот извештај за 2017 година може да го преземете на www.mcms.mk